**20151013170**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АЗИЛ И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за азил и привремена заштита,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 18 јуни 2015 година.

Бр. 08-2641/1
18 јуни 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АЗИЛ И ПРИВРЕМЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Во Законот за азил и привремена заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 49/2003, 66/2007, 142/2008, 146/2009 и 166/12), насловот на членот 16 и членот 16 се менуваат и гласат:

„Намера за поднесување на барање за признавање
право на азил

Член 16

Странец на граничен премин или во внатрешноста на територијата на Република Македонија може усно или писмено да искаже намера за поднесување на барање за признавање право на азил (во натамошниот текст: “искажал намера”) пред полициски службеник на Министерството за внатрешни работи.

Полицискиот службеник од ставот 1 на овој член ги прибележува личните податоци на странецот кој искажал намера, му издава примерок од потврдата за искажаната намера и го упатува во рок од 72 часа да поднесе барање за признавање право на азил пред овластеното службено лице во просториите на Одделението за азил кои се наоѓаат во Прифатниот центар за баратели на азил.

Доколку странецот не постапи согласно со ставот 2 на овој член се постапува согласно со прописите за странците.“

Член 2

По членот 16 се додаваат наслов и два нови члена 16-а и 16-б, кои гласат:

„Поднесување на барање за признавање
право на азил

Член 16-а

Барателот на право на азил може да поднесе барање за признавање право на азил пред полицијата на граничниот премин, најблиската полициска станица или во просториите на Одделението за азил кои се наоѓаат во Прифатниот центар за баратели на азил.

Доколку барањето е поднесено пред полицијата на граничниот премин или во најблиската полициска станица полицискиот службеник го спроведува барателот на право на азил до Прифатниот центар за баратели на азил.

Барател на право на азил, кој престојува на територијата на Република Македонија, поднесува барање за признавање право на азил до Одделението за азил.

Во случаите од семејно обединување, барањето може да се поднесе до дипломатско-конзуларното преставништво на Република Македонија во странство.

Член 16-б

Образецот на потврда за искажаната намера за поднесување на барање за признавање право на азил, образецот на барање за признавање право на азил, начинот на земање на отпечатоци од прсти и фотографирање на барателите на право на азил, образецот и начинот на издавање и замена на исправи на баратели на право на азил и лица на кои им е признаено право на азил или привремена заштита во Република Македонија и за начинот на водење на евиденција го пропишува министерот за внатрешни работи.“

Член 3

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.